ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТРУДОВО И СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката

**- консолидиран текст –**

(Службен весник бр. 36/1990, 44/1990, 11/1991, 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014, 45/2018, 233/2018 и 51/23)

# I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

*Вон сила*

Право на плата во месечен износ за вршење на функцијата имаат претседателот на Република Македонија, функционерите избрани од редот на пратениците, функционерите и лицата кои ги избира или кои ги именува Собранието, носителите на правосудни функции, функционерите кои ги именува претседателот на Република Македонија и кои ги именува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата).

Право на плата во месечен износ за вршење на работите и задачите имаат раководните работници кои ги назначува претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти, надлежното тело на Собранието и Владата.

**Член 2**

Платата на претседателот на Република Македонија, на функционерите избрани од редот на пратениците, на функционерите кои ги избира или кои ги именува Собранието и носители на правосудни функции (во натамошниот текст: функционери) и на раководните работници кои ги назначува надлежното тело на Собранието (во натамошниот текст: раководни работници) ги утврдува Собранието или телото што ќе го овласти.

Платата на функционерите и на раководните работници кои ги именува, односно кои ги назначува претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти ги утврдува претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти.

Владата ги утврдува личните доходи на функционерите и на раководните работници кои ги именува или назначува.

**Член 3**

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на функционерите и на раководните работници од денот на изборот, именувањето, односно назначувањето до крајот на месецот во кој им престанала функцијата, а на пратениците во Собранието од денот на верификацијата на мандатот до крајот на месецот во кој им престанал пратеничкиот мандат, ако со овој закон не е поинаку определено.

**Член 4**

*Избришан.*

## II. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

**Член 5**

*Вон сила*

**Член 6**

*Вон сила*

**Член 7**

*Избришан.*

## III. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ПЛАТА

**Член 8**

Средствата за плата на функционерите се обезбедуваат зависно од општественото значење и вредноста на работите и задачите што ги вршат и од сложеноста, обемот и вкупниот придонес што функционерот со својот труд го дава во остварувањето на правата и должностите на органот во кој ја врши функцијата.

Средствата за плата на раководните работници во Собранието се обезбедуваат зависно од вредноста на работите и задачите што ги вршат и од вкупниот придонес што раководниот работник со својот труд го дава во остварувањето на работите и задачите од делокругот на Собранието.

**Член 9**

Средствата за плата на функционерите и на раководните работници се обезбедуваат во буџетот на Републиката.

**Член 10**

Платата на функционер и на раководен работник се утврдува на начин што основицата за пресметување на плата се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот за работното искуство.

Работното искуство се вреднува така што платата во месечен износ се зголемува процентот утврден за работното искуство од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 11**

Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**Член 12**

Коефициентите за утврдување на надоместокот на плата и на платата изнесуваат од 2,20 до 4,50.

**Член 13**

Коефициентот за утврдување на платата за претседател на Република Македонија, претседател на Собранието и претседател на Владата, изнесува до 4,50.

**Член 14**

Коефициентот за утврдување на платата за претседател на Уставниот суд на Република Македонија, потпретседател на Собранието и, изнесува 4,00.

**Член 15**

Коефициентот за утврдување на платата на член на Владата, претседател на работно тело на Собранието, претседател на Врховниот суд на Република Македонија, јавен обвинител на Република Македонија, судија на Уставниот суд на Република Македонија, гувернер на Народната банка на Република Македонија, јавен правобранител на Македонија, народниот правобранител, секретар на Собранието и секретар на Владата, изнесува до 3,70.

**Член 16**

Коефициентот за утврдување на платата на заменик министер, директор на републичка организација, раководител на Кабинетот на претседателот на Република Македонија, советник на претседателот на Република Македонија, секретар на Кабинетот на претседателот на Република Македонија републички советник во Собранието, заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија, заменик на секретарот на Собранието, судија на Врховниот суд на Република Македонија, заменик на јавниот обвинител на Република Македонија, заменик на јавниот правобранител на Република Македонија, заменик на народниот правобранител, претседател на апелациониот суд и виш јавен обвинител, изнесува до 3,40.

**Член 17**

Коефициентот за утврдување на платата на раководен работник кој го именува Собранието или кој го назначува надлежното тело на Собранието, на судија на апелационен суд и заменик на вишиот јавен обвинител, претседател на основен суд и основен јавен обвинител изнесува до 3,20.

**Член 17-а**

*Вон сила*

**Член 17-б**

Коефициентот за утврдување на плата на судија на основен суд и на заменик на основниот јавен обвинител, изнесува до 2,80.

**Член 17-в**

Коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините и за градоначалникот на град Скопје изнесува од 2,70 до 3,70.

Коефициентите од став 1 на овој член се определуваат според бројот на жителите и тоа:
– за градоначалник на општина до 10.000 жители, коефициент 2,70;
– за градоначалник на општина од 10.001 до 25.000 жители коефициент 2,90;

– за градоначалник на општина од 25.001 до 50.000 жители, коефициент 3,20 и
– градоначалник на општина со над 50.000 жители коефициент 3,40.

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот на град Скопје изнесува 3,70.

Градоначалниците кои функцијата ја вршат волонтерски, имаат право на надоместок на плата во висина од 30% од соодветниот износ во став 1 на овој член.

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на градоначалниците од денот на нивниот избор до крајот на месецот во кој им престанал мандатот, ако со овој закон не е поинаку определено.

**Член 18**

Органите односно нивните надлежни тела од член 2 на овој закон со свој општ акт, во рамките на определените коефициенти го утврдуваат коефициентот за секоја функција.

Органите и нивните надлежни тела од член 2 на овој закон со свој акт определуваат и други функционери и раководни работници на кои се применуваат одредбите на овој закон и го утврдуваат коефициентот за секоја функција.

## IV. ПРАВА НА ПРАТЕНИЦИТЕ, ФУНКЦИОНЕРИТЕ И НА РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО ПО ПРЕСТАНУВАЊЕТО НА ФУНКЦИЈАТА

**Член 19**

Пратеник кој за време на вршењето на пратеничката функција остварувал плата или надоместок на плата во месечен износ во Собранието, функционер и раководен работник кој го именува Собранието, односно назначува телото што тоа ќе го овласти претседателот на Република Македонија и Владата кој за време на вршењето на функцијата остварувал плата, може да остварува плата по престанувањето на функцијата за време до една година, и тоа:
- три месеци, ако функцијата ја вршел до шест месеци,
- шест месеци, ако функцијата ја вршел од шест месеци и еден ден до 12 месеци,
- девет месеци, ако функцијата ја вршел од 12 месеци и еден ден до 24 месеци и
- 12 месеци, ако функцијата ја вршел 24 месеци и еден ден и повеќе.

Пратеник, функционер и раководен работник има право да остварува плата според одредбите на овој закон за време подолго од една година од денот на престанувањето на функцијата, а најмногу уште шест месеци ако во тоа време стекнува право на пензија. Пратеник, функционер и раководен работник не може да го стекне правото од ставовите 1 и 2 на овој член ако ги исполнил условите за стекнување право на старосна пензија, согласно со закон.

**Член 20**

Правото од член 19 на овој закон се стекнува врз основа на лично барање, кое се поднесува најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата.

Надлежното тело на Собранието со решение го утврдува правото од член 19 на овој закон и престанувањето на правото според одредбите на овој закон.

**Член 21**

На пратеник, функционер и раководен работник му престанува правото од член 19 на овој закон кога ќе ги исполни условите за стекнување право на старосна пензија, согласно со закон.

**Член 22** *(Се укинува со Одлука на Уставен суд на Република Северна Македониа објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/23).*

*Пратеник, функционер и раководен работник кој поднел оставка или е разрешен од должноста пред истекот на времето за кое е избран, именуван или назначен, ги има сите права од член 19 на овој закон.*

*Лицата од став 1 на овој член, додека го остваруваат правото на плата, имаат право и на надоместок за користење на годишен одмор.*

**Член 23**

На пратеник, функционер и раководен работник му престанува правото пред истекот на времето утврдено во член 19 на овој закон кога тој тоа ќе го побара, кога ќе се вработи или ќе биде избран или именуван на друга функција врз основа на која остварува плата.

Лицата од став 1 на овој член го немаат правото од член 19 на овој закон, односно тоа право им престанува ако се правосилно осудени за кривични дела против државата или за кривични дела сторени од користољубие.

**Член 24**

Платата на пратеник, функционер и раководен работник остварен според одредбите од член 19 на овој закон се исплатува од средствата за работа на органот, односно на организацијата во која ја вршел функцијата.

**Член 25**

Одредбите од член 19 до 24 на овој закон се применуваат и на претседателот на Република Македонија, на функционер и раководен работник што го именува или назначува претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти и на функционер и раководен работник кој го именува или назначува Владата.

## V. НАДОМЕСТОК НА ОПРЕДЕЛЕНИ МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ И ДРУГИ ПРИМАЊА

### Член 26

На пратеник во Собранието, претседателот на Република Македонија, претседателот и потпретседателот на Собранието, претседателот, потпретседателот и членовите на Владата, им се обезбедува бесплатен превоз во железничкиот и патниот сообраќај во Републиката во сите правци.

### Член 27

Надоместоците за определени трошоци на избраните и именуваните лица во Републиката, се утврдуваат според висината на трошоците, а можат да изнесуваат:
1) дневница за службено патување во земјата без трошоците за ноќевање
– до 8% од просечната нето плата по работник исплатен во Република Македонија во претходните три месеци,
– трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ, според приложената сметка, освен во хотелите од де лукс категорија,
– дневницата за службено патување во странство согласно со Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци;
2) надоместок за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели, во висина до 20% од продажната цена на еден литар гориво, според изминатиот километар за возилото кое се користи,
3) надоместок поради одвоен живот од семејството до 30% од просечната нето месечена плата по работник исплатен во Република Македонија во претходните три месеци;
4) надоместок за селидбени трошоци од местото на живеалиштето до местото во кое се врши функцијата, односно до местото на преселување во рок од една година од денот на престанување на функцијата. Во селидбени трошоци на функционерот се признаваат и трошоците за превоз на функционерот и на членовите на неговото домаќинство. Селидбените трошоци и трошоци за превоз се исплатуваат врз основа на приложени сметки и документација, под услови утврдени со општиот акт на органот од член 3 на овој закон;
5) надоместок за користење на годишен одмор најмалку во висина на просечната месечена плата по работник исплатен во Република Македонија, во претходните три месеци;
6) испратнина при заминување во пензија во висина на двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата; и

7) надоместокот на трошокот за погреб во износ на две просечни месечни нето плати на функционерот, а ако трошоците за погреб не ги поднесува неговото семејство - во износ на последната нето плата на починатиот функционер;

**Член 28**

На избраните и именуваните лица во Републиката им припаѓа и:
1) надоместок на плата во случаите на неспособност за работа поради негова болест или повреди до 21 ден под услови и износ утврдени за работниците во органот во кој ја врши функцијата и
2) надоместок на трошоците за превоз заради посета на потесното семејство од кое функционерот живее одвоено до четири патувања месечно, со правдање на трошоците за превоз, ако не прима надомест за одвоен живот од семејството, а нема право на бесплатен превоз.

**Член 29**

Условите и начинот на остварување на правата од членовите 26 до 28 на овој закон, како и висината на надоместокот, односно на износот што на претседателот на Република Македонија, пратеник, функционер и раководен работник им припаѓа во остварувањето на тие права, со општ акт ги утврдува надлежното тело на Собранието; на функционерите и раководните работници кои ги именува, односно кои ги назначува претседателот на Република Македонија - претседателот или телото што тој ќе го овласти; а Владата за функционерите и раководните работници кои таа ги назначува.

## V-А НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

**Член 29-а**

На членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината и во Буџетот на градот Скопје.

**Член 29-б**

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од:
- 40% во општини до 10.000 жители,

- 50% во општини од 10.001 до 25.000 жители,
- 60% во општини од 25.001 до 50.000 жители,
- 70% во општини над 50.001 жител и
- 100% во градот Скопје.

Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општината и Буџетот на градот Скопје.

**Член 29-в**

На претседателите на советите на општините и на претседателот на Советот на градот Скопје, за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот од членот 29-б се зголемува за 30%.

**Член 29-г**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 29-д**

На членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација и во администрацијата на градот Скопје.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Основите и мерилата за утврдување на платите, другите примања и надоместоци на определени материјални трошоци на функционерите уредени со овој закон соодветно се применуваат и на членовите на Советот на Републиката до 28 јануари 1991 година, за што одлучува претседателот на Република Македонија, односно телото што тој ќе го овласти.

**Член 31**

Органите од член 2 во согласност со одредбите на овој закон ќе ги донесат општите акти во рок од 30 дена од денот на неговото влегување во сила.

До донесување на општите акти од став 1 на овој член на пратениците, функционерите и раководните работници на кои се применува овој закон платата, другите примања и надоместоци на материјалните трошоци им се исплатуваат во износ утврден според одредбите на општите акти што биле во сила до почетокот на примената на овој закон.

**Член 32**

Одредбите на овој закон се применуваат и на функционерите и раководните работници и лицата кои ги избрале, односно именувале Собранието на Република Македонија, Претседателството на Република Македонија и Извршниот совет на Собранието на Република Македонија, како и на собранијата на општините и Собранието на град Скопје на кои на денот на почетокот на примената на овој закон им престанала функцијата или должноста.

На функционерите и раководните работници во фондовите, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации, претседателите и судиите на судовите на здружен труд, општествените правобранители на самоуправувањето и нивните заменици и функционерите и другите раководни работници на другите органи и организации кои се укинуваат личниот доход им се утврдува според коефициентите определени со овој закон сообразно на групите во кои биле определени со општи акти кои биле во сила до денот на почетокот на примената на овој закон.

Лицата од ставовите 1 и 2 на овој член имаат право на надоместок на плата или на плата како и на остварувањето на другите права утврдени во членовите 19 до 25 на овој закон.

**Член 33**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат: Законот за работата и правата на делегатите во Собранието на Република Македонија и републичките функционери на кои им престанала функцијата ("Службен весник на СРМ" број 24/85), Одлуката за основите и мерилата на стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира и именува Собранието на Република Македонија ("Службен весник на СРМ" број 24/85, 38/86 и 39/89), Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за плата и другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува обранието на Република Македонија и функционерите и раководните работници во стручните служби на Собранието на СРМ ("Службен весник на СРМ" број

39/86, 32/87 и 39/89) и Одлуката за исплата на личните доходи, средствата за непосредна заедничка потрошувачка и средствата за исхрана ("Службен весник на СРМ" број 23/90).

**Член 34**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

.